

# СОВЕТ НА ЕВРОПА

## ЧУВАР НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

РЕЗИМЕ

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE




## ДРЖАВИ ЧЛЕНКИ

Австрија, Албанија, Андора, Азербејџан, Белгија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Велика Британија, Германија, Грузија, Грција, Данска, Ерменија, Естонија, Ирска, Исланд, Италија, Кипар, Латвија, Лихтенштајн, Луксембург, Северна Македонија, Малта, Молдавија, Монако, Норвешка, Полска, Португалија, Романија, Сан Марино, Словачка, Словенија, Србија, Турција, Унгарија, Украина, Финска, Франција, Холандија, Хрватска, Црна Гора, Чешка, Швајцарија, Шведска, Шпанија.

## ЗЕМЈИ ПОСМАТРАЧИ

Јапонија, Канада, Мексико, Светата столица, Соединетите Американски Држави.

## СЕДИШТЕ И КАНЦЕЛАРИИ

Советот на Европа има седиште во Стразбур, Франција. Организацијата вработува 2.300 лица и има надворешни или канцелари за врски со други меѓународни организации. Европските младински центри во Стразбур и Будимпешта обезбедуваат обука за младите за прашања поврзани со демократијата и човековите права.

## БУЏЕТ

Вкупниот буџет на Советот на Европа за 2024 изнесуваше 624,6 милиони евра и се финансира главно од државите членки.



# СОВЕТ НА ЕВРОПА



**Alain Berset**
*Генерален секретар*

**Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот.** Таа има 46 држави членки, вклучувајќи ги сите членки на Европската унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото.

Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенцијата од страна на државите членки. Врз основа на конвенцијата, поединци можат да поднесат жалба пред Судот во Стразбур за повреди на човековите права откако ќе бидат исцрпени сите средства кои постојат во засегната држава членка.

Европската унија се подготвува да ја потпише Европската конвенција за човекови права, со што ќе се создаде заедничко правно опкружување за над 700 милиони граѓани.



# ГАРАНТИРАЊЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Советот на Европа се залага за почитување на слободата на изразување и медиумите, слободата на здружување, еднаквоста и заштитата на малцинствата. Има покренато кампањи за прашања поврзани со заштитата на децата, говорот на омраза преку Интернет и за правата на Ромите како најголемо малцинство во Европа.

Советот на Европа им помага на државите членки да се справат со корупцијата и со тероризмот и да спроведат неопходни реформи во правосудниот систем. Групата на експерти по уставно право, позната како Венецијанска комисија, дава правни совети на многу земји ширум светот.

Советот на Европа ги промовира човековите права преку меѓународни конвенции, како што се Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство и Конвенцијата за компјутерски криминал. Го следи напредокот на државите членки во овие области и дава препораки преку независни експертски тела кои вршат мониторинг во дадените области.

Денес, ниту една држава членка на Советот на Европа не ја применува смртната казна.






# ГЛОБАЛНА СОРАБОТКА

### Тела кои вршат мониторинг

- Група на држави против корупцијата (GRECO)
- Европски комитет за спречување на мачење и нечовечно или понижувачко постапување (CPT)
- Група на експерти за борба против трговијата со луѓе (GRETA)
- Европска комисија за ефикасност на правдата (CEPEJ)
- Комитет на експерти за оценка на мерките против перењето пари и финансирањето на тероризам (MONEYVAL)
- Европска комисија против расизам и нетолеранција (ECRI)
- Европски комитет за социјални права (ECSR)
- Советодавен комитет за Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства
- Комитет на експерти за Европската повелба за регионалните или малцинските јазици

Советот на Европа има воспоставено блиско партнерство со Европската унија, а соработува и со Обединетите нации, Организацијата за безбедност и соработка во Европа и со многу други земји во светот.

На пример, Европскиот директорат за квалитет на лековите и здравствената заштита на Советот на Европа, кој има клучна улога во справувањето со лажни лекови, има склучено договори со Бразил, Јужна Африка, Кина и Соединетите Американски Држави.




# СТРУКТУРА

Покрај **Европскиот суд за човекови права**,
Советот на Европа го сочинуваат неколку институции и органи:

- **Генералниот секретар** го води и го претставува Советот на Европа.
- **Комитетот на министри**, составен од министрите за надворешни работи на државите членки и нивни претставници, претставува главен орган кој донесува одлуки.
- **Парламентарното собрание** е составено од 612 пратеници од 46 држави членки; Собранието ги избира Генералниот секретар, Комисионерот за човекови права и судиите на Европскиот суд за човекови права; обезбедува демократски форум за расправа и ги следи изборите; неговите комисии имаат важна улога во разгледувањето на актуелни прашања.
- **Комисионерот за човекови права** на независен начин ги третира и го насочува вниманието кон повредите на човековите права.
- **Конгресот на локални и регионални власти** е надлежен за јакнење на локалната и регионалната демократија. Составен е 612 избрани претставници кои претставуваат повеќе од 150.000 локални и регионални власти.
- **Конференцијата на меѓународни невладини организации** го претставува граѓанското општество и ја промовира партиципативната демократија.




Avenue de l'Europe • 67075 Strasbourg • FRANCE

Посетете ја нашата Интернет страница
**www.coe.int**

Интернет страница со публикациите на Советот на Европа
**book.coe.int**

Интернет страница на ресурсниот документационен центар
**edoc.coe.int**

PREMS 060324 • 2024 © Советот на Европа •
Photo credit : Советот на Европа / Shutterstock • Графички дизајн: Les Explorateurs

Публикувано од Директоратот за комуникации